

## Д-Р ГАЛАБА ПАЛИКРУШЕВА-НАЗИМ
## 1928 – 2009

На 26 декември оваа година (2009), напладне, почина госпоѓа Галаба Паликрушева-Назим, доктор на етнолошките науки. Живите од повоената генерација и нивните деца – денес веќе луѓе во години – помалку или повеќе знаат за личноста на Галаба Паликрушева, во зависност од нивниот интерес за културната политика и етнолошката наука. Но, оние кои се денес помалку или повеќе млади, тие можеби случајно знаат за госпоѓа Галаба Паликрушева, бидејќи кај нас старите навики на почитување на вредностите што сме ги наследиле од постарите се изгубија, а нови не се создадоа, или, доколку се создадоа, во овој момент не ни служат на чест. За момент да ја свртиме матицата на новите навики во обратна насока и да кажеме некој збор за една личност и за еден живот кој претставува типичен пример како општеството влијае врз формирањето на личностите и како личностите влијаат врз профилирањето на општеството.

Галаба Паликрушева е родена 1928 година во Виница, каде го завршила основното образование. Средно образование завршила во Штип и Кочани. Како и други млади од тоа време, била заплисната од новите комунистички идеи за создавање ново општество и посебно за нова и горда македонска држава. Гледано од денешна позиција, се наоѓала на доста висока позиција по ослободувањето и во тогашното елитно друштво на предводници на македонската борба. Но очигледно не била спремна да прифати добра општествена позиција само врз основа на предностите што ги давало учеството во борбата. Донела одлука да студира. Најпрво запишала студии по медицина, но ненадејно ги напуштила понесена од идејата да студира етнологија – една од базичните општествени и хуманистички науки која меѓу првите била внесена како посебна студиска група во рамките на Катедрата за историја на новоформираниот Филозофски факултет во Скопје. Но, расположливото време морала да го дели и со редица други задолженија. Треба да се знае дека по ослободувањето од сите истакнати борци се очекувало, пред своите лични работи, да работат општокорисни работи за општеството. Од тие причини

дипломирала етнологија како вонреден студент во 1954 година. Таа година била назначена за директор на Народниот музеј во Штип. Оваа година (1953/54) се покажала како погубна за судбината на македонската етнологија. Се појавиле силни општествени струи насочени против етнологијата кои очигледно имале инструкции да ја отстранат оваа студиска група од Филозофскиот факултет и за несреќа успеале во својата намера. Несреќата се состои во тоа што со овој негативен потег македонското општество дефинитивно не станало предмет на истражување на етнологијата како наука за народите и нивната култура, односно нивниот културен идентитет. Само поединци од првите и последните две генерации дипломирани етнолози, меѓу кои спаѓа и госпоѓа Галаба Паликрушева, успеале да дадат одредени придонеси за македонскиот етнички и културен идентитет во оваа смисла.

Во 1958 година Галаба била избрана за директор на Археолошкиот музеј на Македонија. Тие години Филозофскиот факултет се поделил на Природно-математички и Филозофски факултет, па во внатрешните поместувања на наставните планови и програми, неколку предмети од областа на етнологијата биле присоединети кон студиската група по географија што се престроила во Природно-математичкиот факултет.

Желбата на Галаба Паликрушева професионално да се занимава со етнологијата придонела да конкурира за работното место асистент по етнологија. На тој конкурс била избрана за асистент по предметот општа и посебна етнологија на Катедрата по географија на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Во 1965 година на Филозофскиот факултет во Скопје ја одбранила својата докторска дисертација „Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката суб-група“. Нејзин ментор бил д-р Миленко С. Филиповиќ – име што се изговара со почит во стручните и научните кругови од областа на етнологијата и антропогеографијата и воопшто социокултурната антропологија. Покрај некои неприфатливи мислења во однос на народната посебност на Бошњаците, Црногорците, Македонците итн., овој научник ужива голем углед поради својата скрупулозност и професионалност во доменот на истражувањата на етничката култура каде што честопати самиот „одработува“ спротивно на своите политички мислења за етничкиот и националниот идентитет на одредени народи и етнички групи.

Во тој период на Природно-математичкиот факултет не постоеле услови за развивање на предметот етнологија. Од тие причини, во 1967 година Галаба Паликрушева конкурирала и била избрана за научен соработник во Одделението за османски период при Институтот за национална историја во Скопје. За таа цел продолжила да учи и да се усовршува преку следење на четири семестри курс по османистика и студиски престој во архивите во Истанбул.

Во 1979 година била избрана за директор на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, од каде што подоцна се пензионирала. Во

периодите кога раководеше со адекватни институции како Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, посебно внимание обрнуваше на создавањето научни кадри од областа на етнологијата и фолклористиката.

Почнувајќи од 70-тите години на 20 век, а посебно непосредно пред пензионирањето, д-р Галаба Паликрушева упорно и со аргументи настојуваше да ги предизвика државните институции од областа на науката и образованието да го решат прашањето со етнологијата. Акцијата ја водеше на повеќе фронта – службено и приватно. Но, веќе создадената општа инертност на институциите и на одговорните поединци во претходните години сега ги даваше своите негативни резултати. Од денешна гледна точка просто не е за верување, но таа сепак успеа во својата намера да се обноват студиите по етнологија. Конкретниот чекор беше формирањето на Заводот за етнологија на Природно-математичкиот факултет во 1984/85 година. Тој чин претставува голем успех и точка од која денешната македонска етнологија и антропологија (Институтот за етнологија и антропологија) го започна својот развој. Д-р Галаба Паликрушева извесно време предаваше етнологија на обновените студии, а од основањето на постдипломските студии во 1999 до 2002 година го предаваше наставниот предмет теории на етнос.

Од кратките биографски црти може да се види дека во животот на Галаба Паликрушева се испреплетуваат и често се вкрстуваат општествените задолженија и нејзините лични афинитети на независен научник во областа на етнологијата. Од денешна гледна точка може да се каже дека нејзините општествени заслуги како активен борец во воени и мирновременски услови ѝ ја обезбедувале слободата на истражувач и научник ако се суди според темите што ги обработувала, меѓу кои доминираат критичните прашања за религијата, народните обреди и верувања, етничките процеси во западна Македонија, етничките групи, односот христијанство – ислам и неговиот одраз во животот на етничките групи и подоцна во македонската држава. Начитана и интелигентна, Галаба Паликрушева настојувала да функционира како научник и општественик на тогашното југословенско ниво на научнички елити, кои постоеле во сите тие (комунистички) времиња, наспроти научниците за дневна употреба. Сепак, и покрај сите заштитни механизми, нејзината докторска дисертација на тема „Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката суб-група“ до денес остана необјавена, па оние кои денес имаат потреба од тоа истражување ја користат како ракопис во НУБ. Ова прашање не ѝ го поставив додека можев, а денес е веќе доцна. Единствено можам да потврдам дека жалеше поради тоа бидејќи во еден наш разговор се сложи на понудената помош да го подготвиме ракописот за издавање. Во остварувањето на таа намера нѐ спречија воени, здравствени, селидбени и други слични причини од 2001 година до денес.

За време на својот живот д-р Галаба Паликрушева не доби некои поважни општествени признанија. Во една прилика кога едно лице бараше

поддршка од Институтот за фолклор за добивање на една општествена награда и кога ја запрашав што треба ние да направиме, таа со насмевка ми одговори дека тие што кај нас сакаат награди самите си го прават тоа што треба да се направи. Бидејќи беше сосема јасно дека Галаба нема да трча по награда за себе, на иницијатива на тројца колеги – етнолози и фолклористи – во 1998 година беше поднесен предлог д-р Галаба Паликрушева да ја добие државната награда за наука „11 Октомври“. Тоа е истовремено и единствената позначајна награда што д-р Галаба Паликрушева ја доби за својата научна и општествена работа.

Кога станува збор за д-р Галаба Паликрушева, во прашање е богата и динамична дејност во период од повеќе од половина век, така што не е едноставно да се наведе сè она што било содржина на еден живот исполнет со акција. Тоа и не беше цел на овој краток осврт. Целта беше да се оддаде почит на една личност што претставувала истовремено важен двигател во општествениот и научниот живот но истовремено и во семејниот и во животите на други луѓе. Во конкретниот случај и во мојот живот. Секогаш полна со некоја недофатлива народна мудрост, мир и стабилност, предлагаше начини како да се разрешат некои критични ситуации, животни препреки, трагикомични ситуации и други непредвидливости на животот. На оние на кои им беше пријател – им беше пријател до крај, со целото свое битие. Истураше во изобилство комплименти доколку беше восхитена од квалитетната работа на некои свои колеги. На колегите секогаш им ја даваше бараната помош и совет на начин да не се почувствуваат како незналци.

На личен план, со жал гледам како се руши дел по дел од мојата замислена група личности со кои комуницирам лично или преку нивните дела. Немам време ниту енергија за создавање нови животни концепти, ниту волја за пополнување на испразнетите места, ниту желба да ги заменам спомените со некои други вредности. Со секој изминат ден сè повеќе ми значат оние што ми значеле и кога биле живи. Со секој починат близок – заминува и дел од нас.

Нека почива во мир.

**Анета Светиева (Скопје, Македонија)**